КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА
СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**меѓу**

**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители**

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст „потписници“), со желба да ја зајакнат соработката поврзана со правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, се договорија за следното:

**Член 1**

Потписниците на овој Меморандум ќе ја развиваат меѓусебната соработка од подрачјето на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците ќе се одвива во насока на одржување на континуирани обуки на судиите и јавните обвинители и на други целни групи за нивно постојано стручно усовршување, како и континуирано одржување на обуки на службените лица кои директно учествуваат во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и се задолжени за посредување со информации од јавен карактер.

Целта на обуките ќе биде подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на целните групи со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и можностите и обврските кои произлегуваат од него.

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на искуства и знаења преку формирање на заеднички тимови на обучувачи, работни групи и слично.

Обучувачите од редовите на Комисијата ќе пренесат повеќе практично искуство отколку чисто теоретско познавање.

**Член 4**

Потписниците можат врз основа на овој Меморандум да склучуваат спогодби и договори, кои можат да помогнат во развојот на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

За спроведување на овој Меморандум се подготвуваат програми за соработка, кои ги определуваат темите и опфатот на соработка, финансиските и организационите прашања.

**Член 5**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

**За Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер на Република Македонија**

**Пеце Ташевски, претседател**

_________________________

**За Академија за судии и јавни обвинители**

**Анета Арнаудовска, директор**

_________________________